Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
СКОПЈЕ
Примено: 08 06 2022

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11- | 120/4 | 1 | / |

Архивски знак: 1101
Рок на чување: трајно год.
201___ година
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Број 08 - 133/6
06. 06. 22 година

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 33 седница одржана на 09.03.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Спортски менаџмент“, прв циклус на академски студии -додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за економски науки при Американски универзитет на Европа - ФОН**

1. Се акредитира студиската програма „Спортски менаџмент“, прв циклус на академски студии -додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за економски науки при Американски универзитет на Европа - ФОН, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран менаџер во спортот /во меѓународен промет академски студии назив Bachelor of sport management.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 506 Организациони науки и управување (менаџмент)
Научно – истражувачка област: 50624 друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 40 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 07-30/10 од 12.01.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Спортски менаџмент", прв циклус на академски студии -додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за економски науки при Американски универзитет на Европа - ФОН, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.11-120/1 од 24.01.2022 година (наш бр. 08 - 133/1 од 28.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 32-та седницата одржана на 24.02.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 133/3 од 24.03.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 33 та седница одржана на 09.03.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова